Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно член 68 став 5 од Судскиот деловник и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 05.07.2021 година, го утврди следниот:

## З А К Л У Ч О К

Кога барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е поднесено од повеќе подносители и е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, правичниот надоместок ќе се досуди во поединечни износи за секој подносител пооделно.

ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК